Врз основа на член 15 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија“ бр.55/13, 41/14, 115/14, 116/15, 153/15, 192/15, 61/16, 172/16, 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.124/19), член 18 од Статутот на Агенцијата за катастар на недвижности (бр.01-7492/10 од 30.04.2013, бр.01-548/8 од 30.01.2015година, „Службен весник на Република Македонија“бр.173/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/20 ), а согласно член 21 од Правилата за технички и организациски мерки за обезбедување безбедност на обработка на личните податоци во Агенцијата за катастар на недвижности бр. 0204-12219/1 од 24.08.2021 година и согласно член 8 од Политиката за создавање на систем за заштита на лични податоци во Агенцијата за катастар на недвижности бр.0204-12218/1 од 24.08.2021 година, директорот на Агенцијата за катастар на недвижности донесе

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ
бр. 1410-13012/1
15-09 2021 год.
СКОПЈЕ

# ПРАВИЛА
# ЗА ПРИСТАП ДО СЕРВЕР САЛАТА НА АКН

Овие Правила имаат за цел да го дефинираат начинот на пристап до сервер салата на Агенцијата за катастар на недвижности (во понатамошниот текст: АКН), како и начинот на евиденција на реализираните пристапи до истата.

## 1.Сервер сала

Сервер салата во АКН е сместена во посебно наменета заклучена просторија во седиштето на АКН на ул.Трифун Хаџи Јанев бр.4.
Просторијата е со обезбедени посебни услови за климатизација на воздухот, детектори за откривање на пожар и заштита од поплава.
По исклучок, серверите на кои се инсталирани софтверски програми за обработка на личните податоци, можат да бидат физички лоцирани, хостирани и администрирани надвор од просториите на контролорот.
Меѓусебните права и обврски на АКН и правното, односно физичкото лице кај кое се физички лоцирани, хостирани и администрирани серверите, се уредуваат со договор во писмена форма, кој задолжително ќе содржи мерки за безбедност на личните податоци согласно прописите за заштита на личните податоци.

## 2.Пристап

Пристап до сервер салата на АКН им е овозможен на следните лица:
1.Неограничен пристап е дозволен само на овластено лице за пристап или на администраторот на информациските системи кој е вработен во Агенцијата;
2.На вработените/ангажираните лица во Агенцијата им се забранува пристап до

сервер салата;
3.На надворешни лица по потреба им се овозможува пристап до сервер салата само со дозвола и присуство на овластено лице или администраторот на информациските системи и тоа во случај на: сервисирање на серверската опрема што се наоѓа во сервер салата (сервери, storage, UPS, и друга мрежна опрема) или на клима уредите поставени во сервер салата, инсталација на нова серверска опрема во сервер салата, стандардно одржување (тестирање) на серверската опрема, како и пристап на овластени лица при вршење на различни типови на инспекциски надзор во АКН.

**3.Евиденција на пристап**

Евиденцијата на пристап во сервер салата се води во хартиена форма, со пополнување на образецот „Образец ОПСС - Пристап во сервер сала кој е составен дел на овие Правила.
Образецот е поставен на влезот (на вратата) на сервер салата и секој кој пристапува во сервер салата треба да се евидентира соодветно.
По пристапот во сервер салата, таа се заклучува.

**4.Одговорност**

Непостапувањето и непридржувањето на вработените/ангажираните лица во АКН во согласност со овие Правила претставува основ за изрекување на мерки на дисциплинска одговорност.

**5. Објава**

Овие Правила влегува во сила со денот на донесувањето и истите се објавуваат на ВЕБ страницата на АКН .

ДИРЕКТОР

м-р Борис Тунцев

Образец ОПСС - Пристап до сервер сала

**Образец**
**за евиденција на пристап во сервер салата на Агенцијата**

| р.бр. | Датум на пристап | Време на пристап (од-до) | Име и презиме на лицето кое пристапило | Потпис | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |